Врз основа на член 27 став 2 од Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/13) министерот за одбрана, донесе:

**П Р О Ц Е Д У Р А**
**за издавање на согласности за летање за странски државни воздухоплови**

1. Со оваа процедура се утврдуваат постапките за издавање на годишна согласност за летање за странски државни воздухоплови, издавање на согласност за летање за странски државни воздухоплови кои не се опфатени со годишната согласност, мислење за полетување и слетување на аеродром, леталиште или терен кои не се отворени за меѓународен воздушен сообраќај, одобрение за носење активно наполнето стрелачко, ракетно или бомбаредерско вооружување како и активна опрема за снимање од воздух, согласност за носење активна опрема за снимање од воздух на странски воздухоплов во пограничните области на територија на друга држава и одобрение за употреба на активна опрема за снимање од воздух на странски воздухоплов.

## I. ГОДИШНА СОГЛАСНОСТ ЗА ЛЕТАЊЕ ЗА СТРАНСКИ ДРЖАВНИ ВОЗДУХОПЛОВИ

2. Годишна согласност за летање на странски државни воздухоплови се издава во случај кога странските држави имаат поднесено барање и доставиле листа на воздухоплови со регистарски ознаки, за кои се бара прелет или слетување во текот на една календарска година.

3. Министерството за надворешни работи (во натамошниот текст МНР) по приемот на дипломатската нота за годишно одобрение за летање и списокот на воздухоплови со регистарски ознаки, со барање истите ги препраќа до дежурниот на баталјонот за Воздушно Набљудување и Јавување (во натамошниот текст бВНЈ) при Министерството за одбрана.

4. Дежурниот на бВНЈ по приемот на барањето од страна на МНР заедно со дипломатската нота и списокот на воздухопловите со регистарски ознаки, го доставува до носителот на активностите за цивилно-воена соработка (во натамошниот текст ЦВС) во бВНЈ, кој по насоки на Командантот на бВНЈ (или неговиот заменик во негово отсуство) ќе пристапи кон решавање на предметот.

Носителот на ЦВС во бВНЈ после прибавувањето документацијата и податоците да ја провери комплетноста на истите и да го евидентира барањето во соодветниот попис за евиденција.

Доколку за издавање на согласноста се потребни дополнителни попрецизни податоци, бВНЈ потребно е да достави барање/известување до МНР за доставување на потребните информации.

Носителот на ЦВС, е должен после прибавувањето на целокупната документација и податоци, врз основа на истите да изработи Годишна согласност за прелет на националниот воздушен простор (ВоП) и/или слетување на територија на Република Македонија. Истото преку канцеларијата за деловодство и архива да го достави на потпис на Командантот на бВНЈ.

Во Годишната согласност за летање да се поставуват услови под кои ќе важи одобрението а кои ќе се однесуваат на:

- временскиот рок за доставување на понатамошното известување за летот во зависност од целта на летот. Исто така потребно е да го определи начинот на доставување известувањата од страна на државите до дежурниот на бВНЈ;
- Почитување на правилата за прелет и слетување од AIP (Aeronautical Information Publication) на Република Македонија и Законот за воздухопловство.
- Опремата за идентификација на воздухопловите со која ќе се гарантира константна и успешна идентификација за целото време од летот.
- Носивост на товар
- Други активности во воздух (електронско попречување, полнење на гориво и сл).

Во Годишната согласност за летање да се дадат суфикс броеви за дипломатската дозвола, а суфиксите според следното:

**"-1"**– за HEAD/VIP летови (Претседател, Премиер, Министри, собраниска делегација и генерал на армија).

**"-2"**– за MILITARY (MIL) летови (транспорт на персонал и товар.

**"-3"**– за летови со кои се транспортира опасен товар, оружје и муниција

**"-4"**– итен MEDEVAC – (for urgent MEDEVAC flights are considered urgent when life, limb or eyesight is immediately threatened).

**"-5"**– HUM - хуманитарен.

**"-6"**– за летови со кои се транспортираат лица кои се лишени од слобода (уапсени лица).

**"-7"** – Транспорт на дипломатска пошта.

**"-8"** – Летови за пребарување и спасување (search and rescue).

**"-9"** – Тренинг летови и летови за време на вежба.

Во Прилог на Годишната согласност за летање да се доставаат обрасци по кои државите ќе известуваат за прелетите/слетувањата.

5. Потпишаната годишна согласност, архиварот и деловодител во бВНЈ е должен да го испрати по факс или по електронски пат до Министерството за надворешни работи.

6. Потпишаната годишна согласност заедно со листата на воздухоплови со регистарски ознаки, Носителот на ЦВС во бВНЈ е должен да го испрати по електронски пат или во тврда копија да го достави на знаење до дежурниот на бВНЈ. Дежурниот на бВНЈ е должен да ги внесе податоците за воздухопловите во електронската база на податоци.

7. Во понатамошното известување за летовите од страна на странските држави кон Република Македонија, истите ќе ги доставуваат пополнетите обрасци до дежурниот на бВНЈ, а тој должен е да ја ажурира електронската база со новите податоци.

Доколку известувањето не содржи доволен број на податоци или пак има недостаток на одредени податоци, дежурниот на бВНЈ може да побара од надлежните резидентни и нерезидентни ДКП да му ги достават податоците кои недостасуваат.

По барање на ДКП[ва], дежурниот на бВНЈ може да достави потврда дека летот за кој што ДКП доставило известување може да се реализира.

Во одредени комплицирани ситуации, во зависност од комплицираноста на ситуацијата, дежурниот на бВНЈ може да побара од носителот на ЦВС да стапи во контакт со субјектите за прецизно да се разберат нивните барања, и понатаму согласно со дадените насоки Командантот на бВНЈ, Командантот на вбр или Раководителот на Секторот - Воено воздухопловен авторитет ги пренесува истите до Дежурниот на бВНЈ и/или субјектите, се со цел разрешување на ситуацијата околу доставувањето на податоци и реализација на одреден лет.

## II. СОГЛАСНОСТ ЗА ЛЕТАЊЕ ЗА СТРАНСКИ ДРЖАВНИ ВОЗДУХОПЛОВИ КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ГОДИШНАТА СОГЛАСНОСТ ЗА ЛЕТАЊЕ

8. Одобрение за летање на странски државни воздухоплови, воздухоплови кои работат за потребите на странски држави, воздухоплови на Обединетите нации, воздухоплови кои се користат за потребите на Обединетите нации, воздухоплови кои се користат за превоз на лица кои уживаат посебен статус а не се опфатени со годишните согласности за летање, издава Министерството за надворешни работи, по претходно добиена согласност од Министерството за одбрана.

9. Министерството за надворешни работи по приемот на дипломатската нота и податоците за воздухопловот и прелетот/слетувањето, со барање истите ги препраќа до дежурниот на бВНЈ при Министерството за одбрана.

Министерството за надворешни работи, барањето за летање го доставува до бВНЈ при Министерството за одбрана веднаш по приемот на барањето од ДКП на странската држава.

10. Барањето за издавање на согласност на Министерството за надворешни работи треба да ги содржи следните документи:

- Пропратен акт од МНР (барање);
- Дипломатска нота со податоци за воздухопловот и прелетот/слетувањето.

11. Дипломатската нота ги содржи следните податоци:

- Тип на воздухоплов;
- Регистарска ознака на воздухопловот (во овој случај не е задолжително);
- Повикувачки знак;
- Цел на летот;
- Датум на летот;

- Предвидено време и место на влез во ВоП на Република Македонија;
- Предвидено време и место на слетување;
- Предвидено време и место на полетување;
- Предвидено време и место на излез од ВоП на Република Македонија;
- Товар;
- Други потребни податоци (ги определува дежурниот според потребите).

12. Доколку воздухопловот за кој се однесува барањето носи во себе ризичен товар или вооружување потребно е да се дадат точни описни информации за видот и количината на ризичниот товар или вооружувањето.

13. Дежурниот на бВНЈ по приемот на барањето од МНР со приложената дипломатска нота со податоци за летот и воздухопловот го евидентира истото во пописот за евиденција на одобрени односно неодобрени прелети/слетувања.

14. Дежурниот на бВНЈ е должен после прибавувањето на целокупната документација и податоци да ја провери комплетноста на истите и врз основа на истите да го пополни образецот за согласност за летање и истото да го достави по факс или електронски пат до МНР. Формата и содржината на Образецот за согласност за летање е дадена во Прилог бр.1 на оваа Постапка. Податоците од истата кои се однесуваат на телефонските броеви, согласно потребите можат да бидат променети.

Доколку за издавање на одобрението се потребни дополнителни попрецизни информации, дежурниот на бВНЈ веднаш доставува барање до МНР за доставување на потребните информации по факс или електронски пат. Барањето го евидентира во соодветниот попис за евиденција.

15. Доколку се појават поголеми проблеми или недоразбирања, кои дежурниот на бВНЈ не може да ги реши, во зависност од ситуацијата, истиот се консултира со Носителот на ЦВС и/или Командантот на бВНЈ.

Во случај решавањето на проблемот да ги надминува ингеренциите на бВНЈ, по потреба се вршат консултации со претпоставениот Командант на вбр (Команда на вбр) и/или Раководителот на Секторот - Воено воздухопловен авторитет (во натамошниот текст СВВА).

## III. МИСЛЕЊЕ ЗА ПОЛЕТУВАЊЕ И СЛЕТУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ВОЗДУХОПЛОВИ НА АЕРОДРОМ, ЛЕТАЛИШТЕ ИЛИ ТЕРЕН ШТО НЕ Е ОТВОРЕН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

16. За полетување и слетување на аеродром, леталиште или терен што не е отворен за меѓународен воздушен сообраќај, странскиот воздухоплов мора да има посебно одобрение што го издава Агенцијата за цивилно воздухопловство по претходно мислење на Министерството за одбрана, Министерството за финансии - Царинска управа и Министерството за внатрешни работи, освен ако поинаку не е утврдено со меѓународен договор кој го ратификувала Република Македонија.

17. Агенцијата за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст АЦВ) доставува барање за мислење за полетување и слетување на аеродром односно леталиште што не е отворено за меѓународен сообраќај. Во прилог на барањето АЦВ ги доставува следните податоци:

-Припадност на воздухопловот;
-Тип на воздухоплов;
-Регистарска ознака на воздухопловот;
-Повикувачки знак;
-Цел на летот;
-Датум на летот;
-Опрема (можности а следење со SSR, IFF/SIF, комуникација);
-Предвидено време и место на влез во ВоП на Република Македонија;
-Предвидено време и место на слетување;
-Предвидено време и место на полетување;
-Предвидено време и место на излез од ВоП на Република Македонија;
-Товар;

18. Дежурниот на бВНЈ по приемот на барањето од страна на АЦВ заедно со податоците за летот и воздухопловот, го доставува до Носителот на ЦВС во бВНЈ, кој по насоки на Командантот на бВНЈ (или неговиот заменик во негово отсуство) ќе пристапи кон решавање на предметот. Доколку барањето е примено вон работно време, се носи кај носителот за ЦВС наредниот работен ден.

19. Носителот на ЦВС во бВНЈ после прибавувањето на доставената документацијата и податоците да ја провери комплетноста на истите и да го евидентира барањето во соодветниот попис за евиденција. Врз основа на согледаното и насоките од Командантот да изработи мислење за полетување и слетување на странски воздухоплов на аеродром, леталиште или терен што не се отворени за меѓународен воздушен сообраќај и преку канцеларијата за деловодство и архива да го достави на потпис на Командантот на бВНЈ.

20. Потпишаното мислење, архиварот и деловодител во бВНЈ е должен да го испрати по факс или по електронски пат до АЦВ.

21. Потпишаното мислење заедно со податоците за воздухопловот и летот, носителот на ЦВС во бВНЈ е должен да го испрати по електронски пат или во тврда копија да го достави на знаење до дежурниот на бВНЈ. Дежурниот на бВНЈ е должен да ги внесе податоците за воздухопловот и летот во електронската база на податоци.

22. Доколку за издавање на мислењето се потребни дополнителни информации, бВНЈ веднаш доставува барање до Агенцијата за цивилно воздухопловство за доставување на потребните информации.

23. Доколку се појават поголеми проблеми или недоразбирања, кои носителот на ЦВС не може да ги реши, за истото се консултира со Командантот на надлежната единица.

Во случај решавањето на проблемот да ги надминува ингеренциите на бВНЈ, по потреба се вршат консултации со претпоставениот Командант на вбр (Команда на вбр) и/или Раководителот на Секторот - Воено воздухопловен авторитет. Барањето на АЦВ со целокупната преписка се доставува до Секторот - Воено воздухопловен авторитет на понатамошна постапка и одлучување.

24. Мислењето на Секторот - Воено воздухопловен авторитет се доставува до АЦВ и до бВНЈ на знаење. Доколку мислењето е позитивно, дежурниот на бВНЈ ги внесува податоците за воздухопловот и летот во електронската база на податоци.

25. Доколку бВНЈ прими барање за слетување на аеродроми, леталишта или терени кои не се отворени за меѓународен воздушен сообраќај и за позитивно решавање на истото може да се констатира дека е потребно склучување на меѓународен договор а кој е предвиден со Законот за воздухопловство, бВНЈ потребно е да ја достави целокупната преписка до СВВА на понатамошно одлучување.

26.Во понатамошна постапка, доколку се склучи билатерален договор со заинтересираниот субјект и истиот се ратификува од страна на Република Македонија, СВВА го доставува предметниот договор до бВНЈ и врши запознавање со евентуалните дополнителни обврски кои произлегуваат од договорот.

## IV. ОДОБРЕНИЕ ЗА НОСЕЊЕ АКТИВНО НАПОЛНЕТО СТРЕЛАЧКО, РАКЕТНО ИЛИ БОМБАРДЕРСКО ВООРУЖУВАЊЕ КАКО И АКТИВНА ОПРЕМА ЗА СНИМАЊЕ ОД ВОЗДУХ НА СТРАНСКИ ВОЗДУХОПЛОВ

27. Носење активно наполнето стрелачко, ракетно или бомбаредерско вооружување како и активна опрема за снимање од воздух од страна на странски воздухоплов во ВоП на Република Македонија е забрането, освен доколку со меѓународен договор што го ратификувала Република Македонија не е поинаку определено.

28.Активна опрема подразбира секоја опрема или средство које е монтирано или прикачено на трупот на воздухопловот и е спремно за активна употреба во секој момент.

29.Доколку дежурниот на бВНЈ прими барање за носење на активна опрема под условите кои се наведени во точка 25 од оваа процедура постапка, а за чие одобрување може да се констатира дека потребно е да се склучи на меѓународен договор кое како можно решение е предвидено во членот 29 став 1 од Законот за воздухопловство, бВНЈ потребно е да ја достави целокупната примена документација, во надлежност на понатамошно одлучување до СВВА.

30. Во понатамошна постапка, доколку се склучи билатерален договор со заинтересираниот субјект и истиот се ратификува од страна на Република Македонија, СВВА потребно е да го достави предметниот договор до бВНЈ и да изврши запознавање на истите со евентуалните дополнителни обврски кои произлегуваат од договорот.

31. По добиените инструкции од страна на СВВА, бВНЈ е должен да ја следи реализацијата на активноста (по време и простор) и по извршувањето на секоја поединечна активност, во рок од 10 дена да достави извештај за истата до СВВА.

## V. СОГЛАСНОСТ ЗА НОСЕЊЕ АКТИВНА ОПРЕМА ЗА СНИМАЊЕ ОД ВОЗДУХ НА СТРАНСКИ ВОЗДУХОПЛОВ ВО ПОГРАНИЧНИТЕ ОБЛАСТИ, НО НА ТЕРИТОРИЈА НА ДРУГА ДРЖАВА

32. Министерството за надворешни работи по приемот на дипломатската нота и податоците за воздухопловот и зоната за летање, со барање истите ги препраќа до дежурниот на бВНЈ при Министерството за одбрана.

Министерството за надворешни работи, барањето за летање го доставува до Министерството за одбрана веднаш по приемот на барањето од ДКП на странската држава, односно веднаш во околности на итност.

33. Барањето за издавање на согласност на Министерството за надворешни работи треба да ги содржи следните документи:

- Пропратен акт од МНР (барање);
- Дипломатска нота со податоци за воздухопловот и зоната за летање со активна опрема за снимање во близина на границите на Република Македонија.

34. Дипломатската нота ги содржи следните податоци:

- Тип на воздухоплов;
- Регистарска ознака на воздухопловот;
- Повикувачки знак;
- Цел на летот;
- Датум на летот;
- Маршрута на летот по простор и време;
- Други потребни податоци (ги определува дежурниот според потребите).

35. Дежурниот на бВНЈ по приемот на барањето од МНР со приложената дипломатска нота со податоци за летот и воздухопловот го евидентира истото во пописот за евиденција на одобрени односно неодобрени прелети/слетувања.

36. Дежурниот на бВНЈ е должен после прибавувањето на целокупната документација и податоци да ја провери комплетноста на истите и врз основа на истите да го пополни образецот за согласност за летање и истото да го достави по факс или електронски пат до МНР. Формата и содржината на Образецот за согласност за летање е дадена во Прилог бр.1 на оваа Постапка

Доколку за издавање на одобрението се потребни дополнителни попрецизни информации, дежурниот на бВНЈ веднаш доставува барање до МНР за доставување на потребните информации по факс или електронски пат. Барањето го евидентира во соодветниот попис за евиденција.

Во прилог на согласноста за летање да поставуваат услови под кои ќе важи одобрението а кои ќе се однесуваат на опремата за идентификација на

воздухопловите со која ќе се гарантира константна и успешна идентификација за целото време од летот.

37. Доколку се појават поголеми проблеми или недоразбирања, кои дежурниот на бВНЈ не може да ги реши, во зависност од ситуацијата, истиот се консултира со Носителот на ЦВС и/или Командантот на бВНЈ.

Во случај решавањето на проблемот да ги надминува ингеренциите на бВНЈ, по потреба се вршат консултации со претпоставениот Командант на вбр (Команда на вбр) и/или Раководителот на СВВА, а барањето од МНР со целокупната преписка и мислење се доставува до СВВА на понатамошна постапка и одлучување.

## VI. ОДОБРЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА АКТИВНА ОПРЕМА ЗА СНИМАЊЕ ОД ВОЗДУХ НА СТРАНСКИ ВОЗДУХОПЛОВ

38. За употреба на активна опрема за снимање од воздух странски воздухоплов мора да има посебно одобрение согласно Законот за одбрана.

39. Заинтересираните субјекти, органите од државната управа или други самостојни органи и управни организации, доставуваат барање за одобрение за употреба на активна опрема за снимање од воздух до Министерството за одбрана – СВВА.

40. Барањето за издавање на одобрение потребно е да ги содржи следните податоци:

- Податоци за воздухопловот (тип, регистарска ознака);
- Податоци за воздухопловниот персонал (Име, Презиме, фотокопии од пасош, лична карта и уверенија за работа);
- Предвидена маршрута со координати и време на летот;
- Зона (област) на снимање (со координати)
- Други потребни податоци

41. СВВА изработува одобрение на барањето за употреба на активна опрема за снимање од воздух и го доставува на потпис на Државниот Секретар на Министерството за одбрана. Во одобрението се ограничува летањето над зони и објекти кои се од посебно значење за одбраната.

Документот за одобреното или неодобреното барање се доставува до субјектот кој го поднел барањето, а со дополнителни потребни податоци во врска со летот до ГШ на АРМ и бВНЈ.

Во документот за одобреното барање, Министерство за одбрана на Република Македонија, доколку смета дека е потребно, може да побара од субјектот кој што го поднел барањето, да:

- дозволи присуство на лице во воздухопловот кој што ќе го следи снимањето од воздух и/или
- ги достави на увид сите снимени материјали и/или

- лицата кои што го доставиле барањето и ќе бидат вклучени во бараната активност, претходно им се изврши обука околу заштита и користење на класифицирани информации.

По добивањето на одобрението и потребните податоци, бВНЈ е должен да ја следи реализацијата на активноста (по време и простор) и по извршувањето во рок од 10 дена да достави извештај за активноста.

**VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

42. Доколку бВНЈ прими барање за мислење, согласност или одобрение за прелет/слетување во Република Македонија од орган од државната управа или други самостојни огани и управни организации, а чие одлучување е надвор од делегираните надлежности од оваа процедура и за кое надминување потребно е да се склучи на меѓународен договор а кое е предвидено во Законот за воздухопловство, бВНЈ потребно е да ја достави целокупната преписка до СВВА.

Раководителот на СВВА по добивањето на преписката ги презема натамошните активности за решавање по барањето.

43. Со оваа процедура престанува да важи Интерната постапка за издавање на согласност за летање за странски државни воздухоплови, мислење за полетување и слетување на аеродром односно леталиште што не е отворено за меѓународен сообраќај и одобрение за потреба на активна опрема за снимање од воздух на странски воздухоплов број 23-4504/1 од 17.06.2010 година.

44. Работите во врска со издавањето на согласностите определени со оваа процедура ја организира Командантот на бВНЈ.

45. Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр.__________**
**____________2013 година**
**Скопје**

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**

**m-r Talat Xhaferi**

Изработил: мај. Дарко Трајковски
Елвин Ејуб
Одобрил: полк. Валентин Иваноски
Контролирал: Митар Петковски

**Република Македонија**
**Министерство за одбрана**

# П Р О Ц Е Д У Р А
**за издавање на согласности за летање за странски државни воздухоплови**

**Ноември 2013**

## За информирање:

Предметната процедура за издавање на согласности за  летање на странски државни воздухоплови  е резултат на донесената нова уредба за посебните, услови и начинот и постапката за добивање на одобрение за летање донесена од страна на Владата на Република Македонија објавена во службен весник на Република Македонија 38/2013 година.

Оваа процедура ја заменува старата интерна постапка за издавање на согласности за летање на странски воздухоплови донесена во 2010 година.

Процедурата ги инкорпорира донесените измени на наведената уредба како и ќе го реши проблемот со доставувањето на барањата од странските амбасади во врска со итните барања за прелети (случајот на Република Турција и други).

Изработил: Елвин Ејуб
Согласен: Митар Петковски